Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

ноември 2012 година
Штип

Број 92, 15 ноември 2012 година

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно-научната област биологија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научните области електротехника и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научната област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научна област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на два наставника во сите звања за наставно-научната област/поле клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за наставно-научната област/поле фармацевтска технологија и социјална фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област јавно здравство и здравствена заштита на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 46

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 53

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез композиција и џез гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 59

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти – обоа и камерна музика на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 64

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 77

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 82

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 87

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Агрохемија и исхрана на растенијата” поднесен од авторот Рубин Гулабоски, вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 90

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник со наслов „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и доц. д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 94

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....... 97

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ....... 100

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ“ бр.35/08, 103/08, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011год.), а согласно со член 32, според Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, по завршувањето на рокот за пријавување, за сите пријавени кандидати на Конкурсот за избор на еден соработник во научно звање *асистент* за научната област *биологија,* објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 25.8.2012 година, Наставно-научниот совет на Факултет за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на 25. седница одржана на 28.9.2012 година, со Одлука бр. 2102-385/5 од 28.9.2012 година за формирање на Рецензентска комисија во состав:

- д-р Снежана Ставрева-Веселиновска, редовен професор, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
- д-р Лилјана Колева-Гудева, вонреден професор, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
- д-р Кирил Барбареев, доцент, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

На распишаниот Конкурс, објавен на 25.8.2012 година, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“, за избор на еден соработник во научно звање асистент за научната област *биологија* на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се пријавија две кандидатки: м-р Марија Апостолова и Александра Тодоровска, дипломиран инженер по биологија.

По деталното разгледување на приложената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **Александра Тодоровска**, дипломиран инженер по биологија, е родена на 4 ноември 1982 година во Штип. Основно и средно образование завршува во родното место. На Природно-математичкиот факултет, Институт по биологија, Биохемиско-физиолошка насока, дипломира во 2007 година. На постдипломски студии е запишана во 2009 година на Факултетот за земјоделски науки и храна – Микробиологија на води и почви и е пред фаза на одбрана на магистерскиот труд.

Има поминато двегодишен стаж во Клиничка лабораторија при Општата болница во Штип, три месеци стаж во Микробиолошката лабораторија во Хигиенскиот завод при Здравствениот дом во Штип и консултант за имплементација на стандарди за безбедност на храна (особено во делот за добра хигиенска пракса).

Посебен интерес во науката е екологија на водени екосистеми, заштита на животната средина, микробиологија, биохемија итн. Искуства за микробиолошките процеси стекнува при следење на технолошкиот процес за производство на компост во фабриката „Луна” - Штип и посета на Фабриката за производство на мицелиум во Будимпешта во 1999/2000 година.

Има учествувано во изготвувањето на текот на предавања во PPT форма, за подобра прегледност на персоналот кој работи во производствените капацитети. Член е на Македонското еколошко друштво – Скопје и Македонското миколошко друштво – Скопје.

**Способности:** Познавање на јазици: англиски, германски (делумно) и бугарски јазик.
Компјутерски вештини и компетенции: операции во Microsoft *Office* програмите.

Други вештини и компетенции: Има посетувано предавања за HACCP, ISO-9001, 2000, предведување книги, практикуми за хигиенска пракса во таа област, асистенција на консултантите при држење на предавањата за HACCP, ISO стандардите во соодветни производствени капацитети. Има сертификат за надворешен аудитор за стандардите за квалитет, контрола, заштита на животна средина од ризици за безбедност на здравјето ISO 9001:2008. ISO 14001:2004, BS OHSAS 18002:2007.

Учество на Семинар по екологија во 2009 година во Бугарската академија на науките во Софија со трудот "*Diatomic flora in thermo-mineral springs of Katlanovska Banja in the republic of Macedonia*".

***Обука за биодиверзитет преку UNDP – protected Areas project:***

1. Policy, normative and industrial aspects of protected areas valorizations, proclamation and planning and management.
2. Basic biological survey, monitoring skills and nature conservation management for protected areasл.
3. Communication, awareness and public relations.
4. Funding, fundraising and impact on local, economic development with emphasis on tourism.

Кандидатката **м-р Марија Апостолова** е родена на 18 јули 1986 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Пробиштип, како првенец на генерацијата. Во 2008 година се стекнува со академски назив дипломиран молекуларен биолог на Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“ во Р. Бугарија. Добивањето на овој академски назив бара располагање со многу силни научно-аналитички умееења, комбинирани со чист и прецизен стил на пишување и одлични презентацициски способности.

Има изучувано широк спектар на научни дисциплини меѓу кои и биохемија, биофизика, клеточна сигнализација, молекуларна биологија, генетика, молекуларна генетика.

Во 2010 година се стекнува со звањето **магистер по клеточна биологија и патологија.** Работела на магистерска теза со наслов „**Карактеристиките на TPP I во *in vitro*моделен систем од човечки панкреатичен карцином“.** Програмата е наменета да ги обучи студентите за изведување на биомедицински проучувања на професионално ниво. Програмата вклучува планирање и детално истражување во биомедицинската област под надзор на висококвалифициран ментор. Полиња на истражувачката дејност се: апоптоза на еукариотска клетка, интегрин-опосредствени сигнални патишта, организација и функција на еукариотскиот геном.

***Работно искуство***

Од октомври 2009 до мај 2010 година работи на подготовка на магистерската теза во Бугарската академија на науките, Институт за експериментална морфологија и антропологија. Подготовката се состоела во клеточно култивирање на MIA PaCa-2 клеточната линија. Подготовка на микроскопски препарати за имуноцитохемични испитувања на местата на експресија на TPP I, како и за ензимоцитохемично за да се определат местата на неговата активност. Користен бил MTT-тест за да се определи точната доза од антитуморниот агент оксалиплатина што биле третирани клетките. За детектирање на апопотичните клетки користеле *Annexin-V*и за да се оцени активноста на TPP I во нив. Клетките биле инкубирани во специфичен субстрат за TPP I – *Ala-Ala-Phe*. Препаратите ги набљудувале користејќи конфокален и флуоресцентен микроскоп.

За време на нејзиното истражување се стекнала со богато искуство во користењето на ензимоцитохемичните, имуноцитохемичните, ензимохистохемичните, имунохистохемичните, како и методите на клеточното култивирање. Резултатите од нејзиниот двегодишен труд се публикувани во начниот журнал *Acta Morphologica et Anthropologica*.

***Способности:***

Познавање на јазици – англиски и бугарски јазик.

ИТ способности – MS Office (одлично).

Истражувачка способност: Клеточно култивирање, методи на имуноцитохемија и хистохемија, методи за откривање на апоптоза.

Професионални интереси: молекуларна биологија, онкологија – механизми на туморогенезата, клеточна биологија – клеточни структури и апоптози.

***Листа на публикации***

Mashenka Dimitrova, **Maria Apostolova**, Ivaylo Ivanov, Velichka Pavlova, Elena Stephanova, Elena Nikolova, 2011, STUDY ON TRIPEPTIDYL PEPTIDASE I ACTIVITY IN CULTURED HUMAN PANCREATIC ADENOCARCINOMA CELLS, Доклади на Българската академия на науките, Comptes rendus de l'Acad´emie bulgare des Sciences, Tome 64, No 3, 2011, BIOLOGIE, Morphologie.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид изнесените податоци за двајцата кандидати кои се пријавија на Конкурсот за избор на асистент за научната област *биологија*, Рецензентската комисија го предлага следниов заклучок:

Канditатката Александра Тодоровска, дипломиран инженер по биологија, не ги исполнува условите затоа што според член 14 од „Универзитетски гласник" од 20.4.2012 година нема завршено академски студии од втор циклус од соодветното научно подрачје.

Кандидаткат м-р Марија Апостолова, исто така, не ги исполнува условите за избор на асистент, затоа што според член 14 од „Универзитетски гласник" бр. 23, од април 2012 година не поседува три години работно искуство по магистрирањето или еден мандат како помлад асистент.

Од гореизнесеното Рецензентската комисија нема позитивен став за избор на асистент за научната област *биологија* по Конкурсот што беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 25 август 2012 година.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Снежана Ставрева-Веселиновска, претседател, с.р.**
**Д-р Лилјана Колева-Гудева, член, с.р.**
**Д-р Кирил Барбареев, член, с.р.**